**Проф. д-р Дивна Илиќ Димоски**[1]

# ПРАВИЛА И НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИГРАФСКОТО ТЕСТИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1.01 Изворна научна статија**
**УДК 343.98.06:621.389(497.7)**

**Апстракт**

Авторот на трудот се занимава со прашањето за полиграфското тестирање, односно испитувањето на лицата со бележење на психофизиолошките промени што настануваат кај лицата при поставувањето на прашањата. Разгледан е начинот на кој функционира полиграфот, како и видовите полиграфски тестови. Трудот се занимава и со прашањето за факторите што влијаат врз успехот на резултатите од полиграфското тестирање, како и неговата вредност во кривичната постапка. Авторот се осврнува на нормативното регулирање на полиграфското тестирање во правниот систем на Република Северна Македонија, разгледувајќи ги законските одредби. Посебен предмет на интерес на трудот е елаборирањето на начинот и правилата на спроведувањето на полиграфското тестирање, при што авторот ги образложува начинот на започнување на постапката за полиграфското тестирање со поднесување барање, односно наредба, пристапот кон испитаникот, методите на изготвувањето на прашањата за тестовите, времетраењето на тестирањето, формирањето на мислењето и подготовката на Извештајот од спроведеното полиграфско тестирање.

**Клучни зборови**: полиграфско тестирање, Министерство за внатрешни работи, кривична постапка, методи на тестирање, испитаник, осомничен.

## 1. Општи забелешки – како функционира полиграфот?

Полиграфот, честопати нарекуван и детектор за лаги, не ги открива непосредно лажните одговори на тестираните лица, туку емоциите на страв и возбуда, кои вообичаено се придружен дел на лажните одговори.[2] Кога едно лице се испитува, не се битни исклучиво неговите одговори на поставените прашања, туку оној што го испитува секогаш внимава и на останатите реакции што ги манифестира лицето. Се оценуваат и неговото држење, дишење, мимиките, гестикулациите, интонацијата на гласот, со цел ваквото запазување да помогне во процената за тоа дали лицето ја зборува вистината, имајќи предвид дека кога лаже, по правило, човекот доживува извесно возбудување поради стравот да не биде откриена таа лага, како и поголема психичка напнатост при одговарањето на прашањата. Со развојот на природните науки и развојот на технологијата, како и нивната примена во криминалистиката и кривичната постапка, се развила и идејата овие психофизиолошки промени, за кои сме свесни дека се случуваат кај лицето при испитувањето, да се мерат со прецизни инструменти, а не да бидат оставени единствено на процената на испитувачот. Така, користејќи ги резултатите од

[1] Редовен професор на научната област казнено процесно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.
[2] Види: Z. ROSO, Neka aktuelna pitanja o poligrafskoj tehnici i uslovima za njezinu primenu, во: Primjena poligrafske tehnike u organima unutrašnjih poslova u SFRJ, Zagreb, 1984, стр. 93.

своите претходници, првиот полиграф (*lie detector*) во 1921 година во САД го конструирал Џон Ларсон.

Полиграфот практично ги бележи психофизиолошките промени што настануваат кај лицето при поставувањето на прашањата. Иако постојат различни конструкции на полиграфи, повеќето од нив ги бележат промените во: дишењето, крвниот притисок, пулсот и психогалванскиот рефлекс, односно електродермалната реакција. Кога лицето се полиграфира, му се поставуваат прашања во една определена низа и од него се бара да одговори на прашањата со „да“ или со „не“. Во текот на испитувањето, на телото на лицето што се полиграфира се прикачени инструменти што ги бележат споменатите психофизиолошки промени,[3] а потоа полиграфистот ги интерпретира, односно дава свое мислење околу тоа дали лицето ја зборува или не ја зборува вистината.

Постојат и повеќе видови полиграфски тестови. Такви се, на пример, експериментални тестови, тестови за идентификација, групни тестови, генерални тестови, тестови за пронаоѓање лица, кои најчесто се спроведуваат со методот на тивок тест – кога испитаникот не одговара на прашањата, туку само ги слуша прашањата. Меѓутоа, тестови што најчесто се применуваат се: методот на релевантни и ирелевантни прашања, кој уште се нарекува и директен метод, и тестот на врвот на напнатост (POT или индиректен метод).

Методот на релевантни и ирелевантни прашања (директниот метод) се состои од серија релевантни прашања што се однесуваат на делото што се истражува, помешани со ирелевантни прашања чија задача е да ја олеснат напнатоста и да воспостават емоционална рамнотежа. Како дополнување на овој метод, најчесто се воведуваат и контролно прашање и прашање на комплексот на вина. Целта на контролните прашања е да се добие реакција од лагите на лицето што се очекуваат од него за она што лицето верува дека полиграфистот не го знае. Прашањата на „комплексот на вина“, пак, се такви прашања со помош на кои се сака да се види реакцијата на лицето при лажно обвинување за некое измислено дело. Со други зборови, контролното прашање предизвикува возбудување кога испитаникот дава лажен одговор, а потоа таа реакција се споредува со клучните прашања. Лицето што не лаже нема да покаже реакција на клучните прашања различна од реакцијата на останатите прашања. Оттука, со ваквите дополнителни прашања се овозможува полиграфистот да добие точна претстава и можност за диференцијално дијагностицирање на емоционалните реакции при различен степен на лажење и страв кај лицето.

Техниката на тестот на врвот на напнатост, пак, се состои од такво поставување прашања што подразбира неминовно приближување кон критичното прашање, кое може

---

[3] Полиграфот е составен од кардиограф, пневмограф и галванограф. Преку кардиографот се следи срцевата активност на испитаникот преку скала на која може да се чита фреквенцијата што се изразува бројчено. Кога е приклучен на полиграфот, кардиографот ги регистрира падот и порастот на срцевиот ритам. Со него се следат две функции на работа на срцето: одвоена промена во срцевиот ритам помеѓу секој срцев импулс, изразен преку степенест дијаграм, како кај ЕКГ, и другите срцеви активности, изразени преку дијаграм со обична линија. Преку добиениот кардиограм се воочува односот на дразбата и срцевата реакција, степенот на индивидуални реагирања, промената на брзината на пулсот и амплитудата на бранот на пулсот.

Преку пневмографот се регистрираат промените во респираторниот волумен – на вдишувањето и издишувањето, и фреквенцијата на дишење на испитаникот. Двата приклучоци се ставаат на градите и на стомакот и се во вид на набрана гумена пневмографска цевка. Параметрите што се анализираат се големината на волуменот, односот вдишување и издишување, посебно блокадата на дишењето и потиснатото дишење.

Преку галванографот се регистрираат промените во галванско-рефлексната активност на кожата – потењето. Приклучокот на овој дел се става на дланките или на прстите на испитаникот, по што се пропушта слаба струја со спротивен поларитет и се мери отпорот на пропуштената струја. Струјата полесно ќе тече, односно ќе има помал отпор ако дланката е повлажна, односно потењето е поголемо.

да го познава само сторителот на делото, додека, пак, лицето што е невино не може да знае кое од низата прашања е критично, па оттука, нема да предизвика ниту специфични реакции на полиграфот.[4]

Полиграфските испитувања се вршат во полиграфска лабораторија. Таа е звучно изолирана просторија, а на ѕидовите нема никакви предмети што може да го одвлечат вниманието на испитаникот. Прашањата се читаат со едноличен монотон глас.

## 2. Фактори што влијаат врз успехот на резултатите од полиграфското тестирање и неговата вредност во кривичната постапка

Иако полиграфот ги мери определените психофизиолошки реакции кај лицето, сепак тој сам по себе не дава резултат во смисла на тоа дали лицето е сторител на делото или не, односно полиграфот не е некаков *pushbutton evidence*[5] што ја утврдува вистината на директен начин. Ова значи дека, од една страна, физиолошките промени што ги мери полиграфот прво може да бидат како последица и на други влијанија, а не само како резултат на лажењето на обвинетиот, а, од друга страна, пак, значењето што ќе им се даде на регистрираните психофизиолошки промени, односно толкувањето и читањето на полиграмот практично зависат од човечки фактор, односно од умешноста на испитувачот што го спроведува полиграфското тестирање.

И лошата конструкција на прашањата може да предизвика нереални специфични реакции, па промените на графиконот некогаш може да бидат и последица на мускулно движење, а кај лицата што се вознемирени поради самото испитување, како последица на задржувањето на дишењето, што може да се согледа на графиконот и кај ирелевантните прашања. Постои и можноста дека определени лица се способни при полиграфирањето да се концентрираат на нешто друго и со тоа да го „измамат“ полиграфот. Од друга стана, пак, постои и можноста понекогаш и невините лица, од разни причини, на пример, од самото тоа што се товарат со сомненија и обвиненија дека се сторители на кривично дело, да покажат психофизиолошки реакции на полиграфот, па тоа да придонесе за погрешен заклучок за вината на лицето.

Определени категории лица не се „подобни“ за полиграфирање, како што се лицата што се под дејство на алкохол или дрога, лицата под хипноза[6], бремените жени, децата, срцевите болни, лицата со душевна болест или заостанат душевен развој и сл., поради тоа што резултатите од полиграфот може да бидат под влијание на состојбата во која тие се наоѓаат.[7]

Полиграфското тестирање не го опфаќа само делот на поставување на прашањата и мерењето на промените со помош на полиграфот, туку составни делови на тестирањето се и анализата на однесувањето на лицето пред и по полиграфското тестирање, неговите реакции и манифестации пред започнувањето на тестот или, како што се нарекува, дополнителен метод во прилог на полиграфското тестирање. Ова има битно влијание и врз толкувањето на резултатите од полиграфот. Всушност, искуството покажува дека не е мал бројот на лицата, кои, соочени со исходот од тестирањето, се поттикнати и го

---

[4] Види: Ž. ALEKSIĆ, Kriminalistika, Savremena administracija, Beograd, 1982, стр. 247.

[5] Види: M. DAMAŠKA, Okrivljenikov iskaz kako dokaz u suvremenom krivičnom procesu, Narodne Novine, Zagreb, 1962, стр. 152.

[6] Види: M. WOODROW, The Truth About the Psychophysiological Detection of Deception Examination (Polygraph), 2nd Edition, 2012, Lulu Press, NY/Dublin/Chicago.

[7] Види: V. KRIVOKAPIĆ, *kriminalistička primena poligrafa s osvrtom na praksu organa unutrašnjih poslova*, во: Primjena poligrafske tehnike u organima unutrašnjih poslova u SFRJ, Zagreb, 1984, стр. 22–31.

признаваат делото непосредно пред полиграфирањето, а некои, пак, признанието го даваат и веднаш по завршувањето на полиграфирањето.[8]

Се поставува прашањето каква е вредноста на полиграфот во понатамошната кривична постапка. Секако дека тој може значително да помогне, како оперативно, истражно средство, за издвојувањето на осомничениот од поширок круг лица или, пак, може да упати и на други докази во постапката, да помогне за откривање на трагите, односно други докази за делото и сл., но, прашање е дали полиграфот може да претставува доказ во постапката врз кој ќе се заснова пресудата. Во практиката на судовите во САД, каде што прво започнал да се применува полиграфот во полициските стадиуми на постапката и каде што често се користи, во поголемиот број случаи судовите не ги прифаќаат полиграфските тестирања како доказ во кривичната постапка, иако го нагласуваат тоа дека полиграфот е корисно истражно средство за откривање на трагите на кривичното дело.[9] Сепак, има и такви случаи каде што Врховниот суд на Аризона оценил дека иако треба да се направи уште многу за да се усоврши полиграфот, сепак во доволна мера е развиен за неговите резултати да дадат доволно сигурен доказ.[10]

Приговорите упатени на полиграфското тестирање како метод на осознавање на вистинита во кривичната постапка се однесуваат главно на три аспекти: првиот е дека полиграфот не е доволно веродостојно средство, вториот е дека полиграфистите честопати не се доволно обучени и третиот е дека, со оглед на тоа што суштината на полиграфот е регистрирање на внатрешните реакции на осомничениот, кои се случуваат независно од неговата волја, со тоа практично се задира во неговото право на одбрана.[11]

Способноста полиграфскиот тест веродостојно да ја детектира лагата, или да помогне во постапката во вистинска насока, еднакво зависи и од интерпретирањето на полиграмот, кое всушност подразбира компарирање на физиолошките реакции на т.н. релевантни прашања со одговорите на другите прашања, кои се поставени заради споредба и кое најчесто го прави полиграфистот.[12] Оттука, како најголем проблем во однос на валидноста на полиграфот го препознаваме тоа што, за разлика, да речеме од дактилоскопијата, ДНК-анализата, балистичките вештачења и сл., полиграфското тестирање сè уште не е профилирано како наука, која би изградила и би поставила изедначени правила за толкување на полиграмот, односно на резултатот од полиграфирањето. Тука постои и опасност дека судиите нема со доволна доза на критичност да му приоѓаат на мислењето на полиграфистот за вината на полиграфираното лице, па оттука не би имале ниту основа да извршат соодветна процена на веродостојноста.[13]

---

[8] Види: R.A. LEO, Police interrogation and Criminal Justice, Harvard University Press, Cambridge-Massachusetts-London, 2008, стр. 78.

[9] Види: *Scientific Validity of Polygraph Testing: A research Review and Evaluation*, A Technical Memorandum, Office of Technology Assessment, United States Congress.

[10] Види: State v. Valdez, (1962).

[11] Види: A. MAKRA, *Mjesto i uloga poligrafa u kriminalistici i krivično-procesnom pravu*, во: Primjena poligrafske tehnike u organima unutrašnjih poslova u SFRJ, zagreb, 1984, стр. 16–21.

[12] Види: National Research Council of the National Academies, *The Polygraph and Lie Detection*, Committee to Review the Scientific Evidence of the Polygraph, Division of Behavioral and Social Sciences and Education, The National Academies Press, Washington DC, 2003, стр. 14.

[13] Според извештаите на ФБИ од јуни 1980 година, различни институции ги испитувале прецизноста и веродостојноста на полиграфот, и дошле до следниве резултати:
- Универзитетот во Јута 89,7 %;
- Универзитетот Темпл во студија спроведена за американската армија 92,4 %;
- Универзитетот Стенфорд 96,2 %;
- Универзитетот Гофт во Индија 90,0 %;
- Универзитетот Британска Колумбија 96,0 %;
- Јаголскиот универзитет во Полска 95,0 %.

### 3. Полиграфското тестирање во Република Северна Македонија

Полиграфското испитување не беше предвидено со ЗКП од 1997 година. Оваа одредба беше внесена подоцна, со измените и дополнувањата на ЗКП од 2004 година, кога во чл. 143 се додадени ст. 3 и 4 што се однесуваат на полиграфот.[14] Согласно ова законско решение, МВР можеше да примени полиграфско испитување на лицето за кое постојат основи за сомневање дека извршило кривично дело. Законот го определуваше полиграфирањето како доброволно тестирање, односно предвидуваше дека може да се спроведе само со писмена согласност на лицето.[15] Во истите одредби беше ставено и ограничувањето дека на полиграфско испитување не може да се подложи лице под дејство на алкохол, опојни дроги и психотропни супстанции, лице со сериозни срцеви заболувања, лице што манифестира видливи знаци на душевна болест или заостанат душевен развој, бремена жена или жена непосредно по породувањето. Истовремено, МВР не можеше да примени полиграфско испитување на деца до 14-годишна возраст. За помлади и постари малолетници, полиграфско испитување можеше да се примени по исклучок, само доколку постојат основи на сомнение дека сториле кривично дело и само врз основа на писмена согласност на родителот, односно старателот.

Сегашниот ЗКП од 2010 година не содржи одредби што се однесуваат на полиграфското тестирање, односно воопшто не го предвидува. Наместо тоа, полиграфското тестирање е додадено во Законот за полиција со измените и дополнувањата од 2012 година, како едно од полициските овластувања.[16]

Законот за полиција, во суштина, ги презема одредбите за полиграфско тестирање што беа содржани во претходниот ЗКП, со определени разлики. Така, согласно одредбите од ЗП, полиграфското тестирање се презема заради откривање сторител на кривично дело. Притоа, полицискиот службеник е должен да го запознае лицето што ќе биде подложено на полиграфско тестирање со начинот на работа на техничкото средство и да добие негова писмена согласност за примена на полиграфското тестирање. Полицискиот службеник е должен да го прекине применувањето на полиграфското тестирање доколку лицето, по дадената писмена согласност, изјави дека ја повлекува. Понатаму, Законот пропишува дека на полиграфско тестирање не смее да биде подложено: лице под дејство на алкохол, под влијание на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори; лице што има сериозни срцеви заболувања; лице во стресна состојба; лице што зема лекови за смирување; лице што манифестира видливи знаци на душевна болест, заостанат душевен развој или други особено тешки душевни пречки, како и жена за време на бременост и непосредно по раѓање.[17]

Во однос на наведената одредба, која предвидува кои категории лица не смее да бидат подложени на полиграфско тестирање, проблематично е тоа што со неа не се опфатени и децата до 14-годишна возраст, како што беше предвидено во поранешниот ЗКП, ниту, пак, е предвидено за помладите и постарите малолетници дека полиграфско испитување може да се примени по исклучок, само доколку постојат основи на сомнение

---

Повеќе за овие резултати види кај: O. KRSTIĆ,*Tehničke i metodološke inovacie poligrafske tehnike u sveti (suvremeni trendovi razvoja)* во: Primjena poligrafske tehnike u organima unutrašnjih poslova u SFRJ, zagreb, 1984, стр. 32–41.

[14] Види: Закон за измени и дополнувања на ЗКП, „Сл. весник“ бр. 74/2004.

[15] Види: чл. 143 ст. 3 од ЗКП, „Сл. весник“ бр. 15/97, 44/2002, 74/2004, 83/2008, 67/2009, 51/2011.

[16] Види: чл. 65-а, 65-б и 65-в од Законот за полиција, „Сл. весник на РМ“ бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016, 120/2016, 21/2018, 64/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 294/2021 и 89/2022.

[17] Закон за полиција, „Сл. весник на РМ“ бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016, 120/2016, 21/2018, 64/2018 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 294/2021 и 89/2022.

дека сториле кривично дело и само врз основа на писмена согласност на родителот, односно старателот.

Со Законот за полиција е предвидено да се донесе подзаконски акт со кој подетално би се уредило полиграфското испитување, кој е донесен дури во 2019 година, а претходно полиграфското тестирање се спроведуваше согласно дотогаш воспоставената практика. Полиграфирањето го спроведува Полиграфската лабораторија што функционира во рамките на Одделението за крим-технички испитувања на фото, видео, аудио и дигитални податоци, во МВР. Но, во недостиг на акт што ќе ги уреди сите аспекти на полиграфското тестирање, во практиката на лабораторијата беше да составува Извештај за полиграфското тестирање, кој по својата форма, па и содржина наликува на записниците од вештачење, односно содржи наод и мислење, додека, пак, формулацијата што се користи во мислењето на Извештајот, најчесто гласи „...сметаме дека лицето нема врска со кривичното дело“, или, пак, „...сметаме дека лицето има врска со кривичното дело“.

Во практиката, иако најчесто полиграфските тестирања се вршат токму во фазата на откривање и на барање на полицијата,[18] како и што произлегува од законските одредби, сепак практиката познава и случаи кога наредби за полиграфско тестирање издавале истражните судии по донесувањето на решението за спроведување на истрагата, но и судечките судии при веќе почнат главен претрес. Истовремено, во еден случај, полиграфско тестирање е дури и наложено во жалбена постапка.[19]

Ваквото полиграфирање, веќе во поодмината фаза од постапката, не е во духот на сфаќањето на полиграфот како оперативно-криминалистичко средство што се користи заради елиминација на осомничените лица, откривање на сторителите на кривични дела, пронаоѓање траги, предмети или други докази за кривичното дело.

Со Упатството за начинот на вршење на полиграфското тестирање и содржината на писмената согласност за примена на полиграфската техника[20], кое е донесено во 2019 година, за првпат детално се уредува начинот на вршење полиграфско тестирање, како и содржината на писмената согласност за примена на полиграфската техника.

Согласно одредбите на Упатството, тестирањето се врши врз основа на барање за полиграфско тестирање на лице доставено од страна на организациски единици во МВР до организациската единица за криминалистичко-технички испитувања и вештачења во Министерството или, пак, врз основа на наредба за полиграфско тестирање на лице доставена од страна на јавните обвинителства и судовите во РСМ до организациската единица за криминалистичко-технички испитувања и вештачења во Министерството. Во прилог на наредбата и барањето за тестирање се доставува и целокупниот службен материјал изготвен во врска со стореното кривично дело за кое се врши тестирањето, а во прилог на барањето за полиграфско тестирање секогаш се доставуваат: записник за земање кривична пријава; поднесената кривична пријава против непознат сторител; записник за пронајдени траги и предмети; фотоалбум, скици, и видеозаписи и друг службен материјал во врска со кривичното дело.

Барањето за полиграфско тестирање на лице доставено од страна на организациски единици во МВР се печати на хартија во бела боја во А4-формат и содржи податоци за називот на организациската единица до која се доставува барањето; местото за внесување податоци за лицето, односно лицата за кои се бара да се изврши полиграфско тестирање; краток опис на кривичното дело, датумот и местото на неговото извршување; краток опис на настанот; опис на службениот материјал што се праќа во прилог на барањето. По поднесување на наредбата или барањето за тестирање, од страна

[18] Како и на барање на Министерството за одбрана, Царинската управа.
[19] Тоа не дало релевантни резултати поради преголема контаминација на меморијата.
[20] „Службен весник на РМ“ бр. 126 од 20.6.2019 година.

на непосредниот раководен работник на надлежната организациска единица во рамките на организациската единица за криминалистичко-технички испитувања и вештачења се определуваат еден или повеќе испитувачи што го организираат и го планираат тестирањето.

Испитувачот/испитувачите го вршат тестирањето на лице (испитаник) со употреба на инструментална техника за полиграфско тестирање (инструментална техника), со цел откривање сторител на кривично дело. Тестирањето се применува само за конкретно кривично дело, а не за повеќе кривични дела истовремено. Доколку истовремено има потреба за спроведување полиграфско тестирање за повеќе кривични дела, приоритет имаат оние кривични дела за кои согласно закон е предвидена потешка казна. Во случај кога истовремено се бара тестирање за две кривични дела со исти обележја, приоритет има кривичното дело за кое постојат повеќе обележја значајни за изготвување тестови за испитување.

Упатството предвидува дека тестирањето се изведува како примарна мерка, односно тоа се презема пред сите останати мерки и активности поврзани со лицето за кое постојат основи за сомневање или основано сомневање за сторено кривично дело.

Врз основа на спроведената анализа на доставениот службен материјал, испитувачите изготвуваат соодветни тестови за испитување. Доколку има потреба, може да се консултираат со подносителот на наредбата, односно барањето за полиграфско тестирање на лице, а по потреба може и да излезат на местото на настанот со цел непосредно забележување одредени околности што се значајни за изготвување на тестовите за испитување.

Пред започнувањето на тестирањето, испитувачите водат разговор со испитаникот за да се утврди дали има сознанија во врска со кривичното дело за кое ќе се врши тестирањето, кои сознанија ги има и од каде ги дознал, а истовремено се проверува и неговото алиби. При водењето на разговорот, тие постапуваат согласно правните акти од оваа област, притоа почитувајќи ги честа, угледот и личното достоинство на испитаникот, му се обраќаат пристојно на испитаникот, со рамномерен и едноличен глас и на јасен и разбирлив начин му ја соопштуваат причината поради која се бара тестирање и начинот и постапката на спроведување на тестирањето.

На испитаникот му се укажува дека тестирањето е доброволно и доколку се согласи со тоа, потпишува писмена согласност. Образецот за писмената согласност се печати на хартија во бела боја во А4-формат. Образецот ги содржи следниве податоци: име и презиме на лицето на кое ќе се врши полиграфско тестирање; место за наведување на кривичното дело за кое ќе се врши полиграфското тестирање; датум и место каде што е дадена согласноста за полиграфско тестирање и место за своерачен потпис на давателот на согласноста. По потпишување на согласноста, а пред започнување на тестирањето со инструменталната техника, се спроведува разговор со испитаникот при кој му се читаат прашањата од тестот за испитување, со цел да се утврди дали ги разбира. Траењето на разговорот не е временски ограничено, а за време на неговото спроведување се врши писмено забележување на сите одговори што ги дава испитаникот, со цел да се изврши споредување на дадените изјави дадени пред и по тестирањето. Писменото забележување го вршат полициските службеници што се задолжени за откривање на кривичното дело.

По завршувањето на овој разговор, испитувачот го започнува тестирањето со приклучување на испитаникот на инструменталната техника и поставување на прашањата од тестот за испитување, со рамномерен и едноличен глас. Испитувачите го известуваат испитаникот само за причината за спроведување на тестирањето, но не му ги соопштуваат околностите под кои е сторено кривичното дело.

Заради поголема објективност, односно исклучување можни влијанија на возбуда, нервоза и слично, секој поставен тест за испитување се повторува најмалку двапати, а по изведувањето на секој тест за испитување се прави кратка пауза, по која се продолжува со тестирањето.

Времетраењето на тестирањето не е временски ограничено и зависи од тестовите за испитување што ќе се спроведат, како и од однесувањето на испитаникот. Тестирањето се врши во посебни простории опремени со инструментална техника. Во просторијата каде што се спроведува тестирањето присуствуваат само еден испитувач и испитаникот. По исклучок, ако испитаникот не го разбира јазикот на кој се подготвени прашањата, може да присуствува и преведувач. Пред почетокот на тестирањето, преведувачот ќе ги преведе прашањата од тестот за испитување што ќе му бидат поставени на испитаникот и му ги поставува со рамномерен и едноличен глас во присуство на испитувачот.

Тестовите за испитување се изготвуваат врз основа на два метода, и тоа: директен или метод со контролно прашање и индиректен или метод врз основа на напнатост. Прашањата што се содржани во тестовите за испитување се кратки, јасни и разбирливи за испитаникот. Испитувачите самостојно одлучуваат за бројот и содржината на прашањата во тестот, а по потреба може да се консултираат со подносителот на наредбата или барањето за тестирање на лице. Покрај вака изготвените тестови, при тестирањето може да се применат и визуелен тест, асоцијативен тест, тест за веродостојност на исказ, когнитивен тест и тест по претпоставка.

Во случај кога при вршењето на тестирањето испитаникот изразува реакции на одредени прашања, испитувачот може по завршување на тестирањето да води разговор со испитаникот во врска со тие прашања, со цел појаснување на изразените реакции кај испитаникот за поставените конкретни прашања од тестовите за испитување, односно добивање информации за стореното кривично дело што е предмет на обработката.

Врз основа на однесувањето на испитаникот за време на тестирањето и анализата на добиените одговори на прашањата поставени за време на тестирањето, испитувачите оформуваат мислење во врска со испитаникот и неговата поврзаност со конкретното кривично дело. Мислењето може да биде позитивно или негативно. Во позитивното мислење се констатира директна или индиректна поврзаност на испитаникот со кривичното дело во врска со кое е извршено тестирањето. Во негативното мислење се елиминира каква било можност за поврзаност на испитаникот со кривичното дело во врска со кое е извршено тестирањето.

Врз основа на мислењето, испитувачот изготвува извештај за полиграфско тестирање, кој содржи податоци за подносителот на наредбата или барањето за тестирањето на лице; времето и местото на извршување на тестирањето; податоци за испитаникот; краток опис на стореното кривично дело; методот за составување на тестовите за испитување и инструменталната техника што е применета, како и наод и мислење во врска со испитаникот и неговата поврзаност со кривичното дело. Извештајот за спроведеното тестирање се доставува до подносителот на наредбата или барањето за тестирање на лице.

Упатството предвидува и дека Извештајот не претставува доказно средство во постапка пред суд, туку тој претставува ориентационо-елиминациско средство за пронаоѓање докази и за откривање на сторителот на кривичното дело.

**Divna Ilikj Dimoski**[21]

# RULES AND METHODS OF PERFORMING POLYGRAPH TESTING IN REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Abstract**

In the paper, the author refers to the issue of polygraph testing, that is the examination of the person by recording the psychophysiological changes that occur in the person when he hears the questions. The author discusses the manner in which the polygraph works as well as the types of polygraph tests which exist. The paper also deals with the issue of the factors which influence the results i.e. the success of the polygrapgh tests, as well as its value in the criminal procedure. The author explains to the normative regulation of polygraph testing in the legal system of Republic of North Macedonia, reviewing the legal provisions. A special subject of the interest of the paper is the elaboration of the method and the rules of the polygraph testing, where the author explains the mode of starting the procedure for polygrapgh testing by submitting a request or an order, the approach to the examinee, the methods of preparing the questions for the tests, the duration of the tests, as well as establishing the opinion and preparing the Report from the conducted polygraph testing.

**Key words**: polygraph testing, criminal procedure, ministry of interior, methods of testing, examinee, suspect

[21] Professor, Ss. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Law Faculty in Skopje, Criminal Procedure Department.